Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 397/2020
Дата 16-03-2020

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 25, став 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. бр. 199/44, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Љатифи Севдије, с. Долна Бањица б.б., Гостивар, се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена А4 – времено сместување – мотел со компатибилни класи на намени на државен (магистрален) пат – А2, КО Вруток, Општина Гостивар.**

Површината на планскиот опфат изнесува 0,819 ha, и зафаќа земјоделско земјиште: ливади (II класа) и земјиште под јавни патишта.

Планскиот опфатсе наоѓа на катастарските парцели: 215/3, 215/9, 215/10, 215/11, 215/12. Останатиот дел од планскиот опфат зафаќа земјиште под јавни патишта на дел од КП 254.

Планскиот опфат навлегува во III заштитна зона на изворот Рашче.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y20619** се составен дел на Решението.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

3. Условите за планирање на просторот за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена А4 – времено сместување – мотел со компатибилни класи на намени на државен (магистрален) пат – А2, КО Вруток, Општина Гостивар**, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5.. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена А4 – времено сместување – мотел со компатибилни класи на намени на државен (магистрален) пат – А2, КО Вруток, Општина Гостивар** потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

Предметната локација се наоѓа во III заштитна зона на изворот Рашче, заради што треба да се почитуваат одредбите пропишани во Одлуката за утврдување на границите на заштитните зони на изворот Рашче и определување на мерките за заштита ("Службен весник на СРМ", број 36/90), кои се однесуваат на оваа зона.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Љатифи Севдије, с. Долна Бањица б.б, Гостивар,** преку ополномоштеното Друштво за просторни и урбанистички планови, инженеринг и др. "ГОПЛАН" ДОО Гостивар, ул. "Беличица" б.б., Гостивар, врз основа на член 25 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. бр. 199/44, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), со постапка бр. 25189 од 20.11.2019 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена А4 – времено сместување – мотел со компатибилни класи на намени на државен (магистрален) пат – А2, КО Вруток, Општина Гостивар.** Површината на планскиот опфат изнесува 0,819 ha.

Согласно член 25 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. бр. 199/44, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена А4 – времено сместување – мотел со компатибилни класи на намени на државен (магистрален) пат – А2, КО Вруток, Општина Гостивар** и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 397/2020 од 11.03.2020 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена А4 – времено сместување – мотел со компатибилни класи на намени на државен (магистрален) пат – А2, КО Вруток, Општина Гостивар**, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка (“Сл. весник на РМ” бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на Услови за планирање на просторот за изработка на **Државна урбанистичко-планска документација за изградба на објекти со основна класа на намена А4 – времено сместување – мотел со компатибилни класи на намени на државен (магистрален) пат – А2, КО Вруток, Општина Гостивар** и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје
Shkup
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Republika e Maqedonisë së Veriut

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Неби Реџепи


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk